Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и  Балканската мрежа за развој на граѓанско општество (БЦСДН) ги охрабруваат граѓанските организации, мрежите, медиумите и активистите од Западен Балкан да аплицираат за финансирање преку Повикот за ад-хок грантови. Грантовите се наменети за поддршка во борбата против нападите и притисоците што го попречуваат граѓанскиот простор!




Специфични цели на повикот се:

1. Граѓанските организации придонесуваат кон поволна средина за развој на граѓанското општество што им овозможува да бидат влијателни актери во општеството.

2. Граѓанските организации придонесуваат кон ефективна, транспарентна и отчетна работа за заштита на граѓанскиот простор.

Времетраењето на поддржаните активности може да биде од 5 дена до 2 месеци во зависност од видот на побарана поддршка, а максималниот износ по грант изнесува 10.000 евра.

**Повикот ќе биде отворен за аплицирање до 31 декември 2021 година.**

Сите потребни информации поврзани со Повикот за ад-хок грантови ќе ги најдете на: https://bit.ly/3dkZ1Gm

Овој повик е дел од проектот „Заштита на граѓанскиот простор – регионален центар за развој на граѓанското општество“, спроведуван од БЦСДН, а финансиран од Шведската агенција за меѓународна развојна соработка (СИДА). МЦМС е партнер во проектот од РС Македонија.